**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ**
**во ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА**

## 1. Законски основ за обработка

Со склучување на Договорот за вработување, ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, Скопје, во понатамошниот текст „Компанијата“, ќе има право да обработува лични податоци, вклучително и матичниот број на вработениот, даден на компанијата од страна на вработениот или некоја друга страна, за да и овозможи на компанијата да ги исполни своите законски и договорни обврски во својство на работодавач или да преземе дејствија на барање на субјектот на личните податоците пред да склучи договор за вработување.

Личните податоци исто така може да се користат врз основа на легитимниот интерес што го има Компанијата или трето лице (како што се подружници на компанијата), освен во случај кога таквите интереси ги надминуваат интересите или основните права и слободи на субјектот на личните податоците за кои е потребна заштита на личните податоци.

## 2. Цели на обработка

Целите за кои се обработуваат личните податоци вклучуваат:

**Човечки ресурси и управување со персоналот.** Оваа цел ги вклучува активностите за управување со човечките ресурси извршени како дел од процесот за избор на кандидати или склучување на договор за вработување, истата го вклучува процесот за интеграција на новиот вработен во компанијата, престанок на работниот однос, извршување на работните обврски и постигнувања, надоместоци и поволности (бенефиции) и обуки.

**Усогласување со домашното законодавство**. Оваа цел се однесува на обработка на лични податоци за исполнување на законските обврски на кои подлежи Компанијата. Неговата цел е да обезбеди усогласеност со законот од страна на Компанијата, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, спречување на кривични дела и откривање на лични податоци на владините институции и надзорни органи, вклучително и даночните и трудовите надлежни органи и тела.

**Извршување на деловни процеси и внатрешно управување**. Оваа цел се однесува на активности како што се патувања и трошоци, оценка на вработените, управување со имотот на компанијата, IT услуги, безбедноста на информациите, спроведување на внатрешни ревизии и истраги, правни или деловни консултации и подготвување за или вклучување во решавање на спорови.

## 3. Лични податоци кои може да ги собираме

За нашите потенцијални вработени, вообичаено собираме основни информации за идентификација, како што се име, презиме, позиција, професионална историја, искуство и детали за контакт.

За нашите постоечки вработени може да ги собираме и обработуваме следниве лични податоци:

- Детални информации за идентификација (на пр. име, презиме, место на живеење, работна позиција, назив, локација на канцеларија, телефонски број, датум и место на раѓање, лична карта, број на пасош и ЕМБГ);
- Електронски податоци за идентификација (на пр. информации за најава на системите, права на пристап, број на картичка за евиденција, IP адреса, идентификатори/колачиња на интернет, логови и време на поврзување, снимање звук или слика како што се видео надзор или гласовни записи);
- Лични и физички карактеристики (на пр. пол, датум на раѓање и имиграциски статус) и
- Посебни категории на лични податоци и информации од кривичната евиденција и прекршоци, како дел од позадински проверки/проверка на вработените спроведени со цел да се задоволат регулаторните и/или прудентни барања, за кои имате дадено изречна согласност како дел од процесот за членство во определени органи и тела на компанијата.

## 4. Технички и организациски мерки

Сите вработени кои пристапуваат до личните податоци мора да работат во согласност со внатрешните политики и процеси во врска со обработката на личните податоци за да ги заштитат и да ја обезбедат нивната доверливост. Од нив, исто така, се бара да ги следат сите воведени технички и организациски безбедносни мерки за заштита на личните податоци.

## 5. Трансфер на трети страни

За обработка на личните податоци на вработените за претходно наведените цели, Компанијата може да користи услуги на трети лица како што е матичната компанија. Така, третите страни можат да добиваат или да имаат пристап до личните податоци на вработените.

При користење на услугите на која било трета страна, Компанијата ќе се осигура дека третата страна ќе обезбеди соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци, како што се бара во Законот за заштита на личните податоци.

## 6. Прекуграничен трансфер на лични податоци

Деловните процеси на компанијата сè повеќе ги надминуваат границите на една држава. Оваа глобализација бара не само достапност на комуникациски и информациски системи низ Компанијата, туку и светска обработка и употреба на информации во рамките на компанијата. Следствено, податоците на вработените може да бидат предмет на прекуграничен трансфер на податоци, особено до Австрија.
Вработениот може да побара копија од Договорите за пренос на личните податоци или информации за другите соодветни заштитни мерки.

## 7. Рок на чување

Личните податоци на вработениот ќе се чуваат не подолго од потребното земајќи ги во предвид целите на активностите на обработка. Чувањето на податоците нема да надмине 45 години.

## 8. Права на вработените

Вработениот има право да добива информации од ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА во врска со постапувањето на Компанијата со личните податоци на вработениот.
Вработениот има право да побара исправка и/или бришење на личните податоци, како и право на ограничување на обработката во врска со субјектот на податоците, има право и да се спротистави на обработката, како и право на преносливост на податоците.
За да ги оствари своите права, вработениот може да ја контактира: Службата за човечки ресурси.
Вработениот има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци преку следниот линк https://www.dzlp.mk/mk/vasite_prava. Вработените исто така можат да го контактираат и Офицерот за заштита на личните податоци на e-mail адреса valentina.jovanovska@porsche.com.mk.

## 9. Новости кон ова известување

Ова известување може да биде предмет на измени и дополнувања. За било какви идни промени или дополнувања на обработката на личните податоци, опишани во ова известување, истите ќе Ви бидат соопштени преку соодветен канал.